**20250501088**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став 1, алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 37/25) и  во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр. 02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на втората по ред седница за 2025 година одржана ден 7.2.2025 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОНФИСКУВАН ИМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РЕУПОТРЕБА

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на отстапување на одземените предмети и конфискуваниот имот за социјална реупотреба.

Вработените во Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст: Агенцијата) со привремено одземениот имот, конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети се однесуваат како добри домаќини и совесни стопанственици.

Член 2

Одредени поими во овој Правилник го имаат следното значење:

1. „Привремено конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети“ се подразбираат имот, имотна корист и предмети за кои се води кривична и прекршочна постапка и за чие одземање нема правосилна одлука.

2. „Конфискуван имот“ се подразбира имот конфискуван со правосилна одлука од надлежниот орган во кривична и прекшочна постапка.

3. „Административни службеници на Агенцијата“ (во понатамошниот текст:извршители) се лица вработени во Агенцијата кои го превземаат одземениот имот во кривична и прекршочна постапка и понатаму го сместуваат во некој од складовите на Агенцијата во Република Македонија и странство.

4. „Предавач на предметите“ е овластеното лице од надлежната институција која ги одзела имотот, имотната корист и предметите.

Член 3

Социјално оправдани цели се целите со кои се остварува социјална правичност во општеството и се наменети за подобрување на животниот стандард на населението, а првенствено служат за помош и поддршка на лицата припадници на загрозените општествени групи и слоеви.

Преку социјално оправданите цели се врши помош на сиромашните лица, припадниците на социјално ранливите категории на граѓани, како и жртвите на семејно, родово базирано и секој друг облик на насилство и дискриминација.

Член 4

Во случаите кога конфискуваниот имот не бил продадени согласно членовите 40 до 53 од Законот за управување со одземен имот, Агенцијата веднаш, односно најдоцна во рок од седум дена од последната неуспешна продажба го објавува конфискуваниот конфискуван на електронскиот регистар.

Член 5

Државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи и јавни претпријатија, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва во целосна државна сопственост и други институции основани од државата, единиците на локалната самоуправа како и на здруженијата и фондациите, во рок од осум дена од објавата преку електронскиот регистар од членот 2 од овој Правилник, до Агенцијата ги најавуваат своите потреби за конфискуваниот имот.

Најавата на потребите се врши преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена во објавата, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги, при што во полето наслов на пораката се должни да наведат за кој имот се заинтересирани, а во текстот на пораката да наведат краток опис за целите за употреба.

Заинтересираните институции од ставот 1 на овој член се должни до Агенцијата да достават образложен предлог со елаборат на намена и остварување на социјално оправдани цели во рок од 15 дена од денот на изјавата на потребите.

Елаборатот треба да содржи план и образложение за која намена би се користел имотот, со посебна назнака за исполнување на социјалните цели кои би се постигнале со тој имот.

Покрај образложениот предлог со елаборат, заинтересираните органи и инстиуции од ставот 1 на овој член, се должни да достават и:

- попис на остварени проекти или проекти во тек за исполнување на социјално оправдани цели во последните 5 години, доколку ги има;
- извод и потврда од Централниот регистар во која се наведува нивната дејност и тековната состојба;
- потврда од судот дека нема изречено мерка или санкција забрана за вршење на дејност и дека не се води кривична постапка против правното лице;
- потврда од Управата за јавни приходи дека не се наоѓаат на листата на должници;
- Имотен лист на правното лице од Агенција за катастар на недвижности, доколку го има.

Пријавата со доказите за исполнување на условите и документите од ставовите 1 до 5 на овој член во форма на електронски документи се доставуват исклучиво преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена во објавата, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доколку во рокот од 15 дена, сметано од денот на испратената најава на потребите за определниот имот, заинтересираните институции не достават образложен предлог со елаборат на намена и остварување на социјално оправдани цели, заедно со сите дополнителни документи наведени во овој член, како и навремените, но нецелосни пријави се сметаат како заинтересираните институции од ставот 1 на овој член да се откажале од предјавените потреби.

Член 6

Во рок од 10 дена од приемот на пријавите согласно роковите утврдени во член 5 од овој Правилник, Директорот на Агенцијата е должен да достави ранг листа на пријави со предлог до Управниот одбор на Агенцијата.

Ранг листата и предлогот на директорот е врз основа на начелото на приоритет при отстапувањето на конфискуваниот имот на заинтересираните институции од членот 5 на овој Правилник, кои што најавиле интерес со најголемо влијание врз социјалното искористување на конретниот имот.

Ранг листата се врши на тој начин што приоритет во предлозите имаат државните институции, како и институциите што го бараат имотот за спроведување на социјални цели во тековни проекти. Втор критериум за избор е досегот на елаборатот, како и исполнувањето на социјално оправдани цели насочени кон заштита на ранливите категории граѓани.

По направеното рангирање, Управниот одбор е должен да достави согласност на Директорот за ранг листата и предлогот на седница што се закажува во рок од 3 дена од доставената ранг листа и предлог од Директорот.

Член 7

Директорот на Агенцијата ги доставува ранг листата и предлогот од членот 6 од овој Правилник во рок од 15 дена од денот на приемот на образложениот предлог со елаборат на заинтересираните институции, до Владата на Република Северна Македонија.

Член 8

Доколку Владата на Република Северна Македонија го одбие предлогот на Агенцијата од членот 54 од овој закон, за тоа ја известува Агенцијата која е должна да продолжи да управува со одземените предмети или конфискуван имот во согласност од одредбите од овој Закон.

Член 9

Трошоците за пренос и отстапување на конфискуваниот имот на институциите од членот 5 од овој Правилник ги сносат самите институции на кои е отстапен овој имот.

Член 10

Директорот на Агенцијата склучува Маморандум за соработка со здруженијата и фондациите кои што преземаат активности на полето на заштита на социјално ранливите групи и категории граѓани, а се во рамките на нивната регистрирана дејност.

За склучување на Меморандум за соработка со здруженијата и фондациите, Директорот објавува повик на веб страницата на Агенцијата, кој што е отворен во текот на целата година.

На повикот самостојно се пријавуваат здруженијата и фондациите, а при пријавата се должни да го наведат и тековниот проект или проекти на полето на заштита на социјално ранливите групи и категории на граѓани. Здруженијата и фондациите се должни при поднесувањето на пријавата да достават и извод од централен регистар за утврдување на нивната дејност, како и листа на тековни и реализирани претходни проекти.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агецијата.

Бр. 01-716/1
7 февруари 2025 година
Скопје

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.